РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ

Бр. 04-610/3
25.07. 2025 год.
ТЕТОВО

ВПУ Воспитно поправен дом Тетово, врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 ,став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 , 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) ,Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр.259/24) и Правилникот за систематизација на работните места во Воспитно поправен дом Тетово бр.01-1758/3 од 29.11.2019 година ,објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2025 ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО

ВПУ Воспитно поправен дом објавува интерен оглас за унапредување на 1 административен службеник, на следното работно место:

1. УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за ресоцијализација во Сектор за ресоцијализација – 1 (еден) извршител

**Општи услови:**
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

<u>Посебни услови</u>
-ниво на квалификациите VI A според Македонска рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Психологија, социјална работа и социјална политика или образование;
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

Посебни работни компетенции:
-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
-потврда за административно управување.

**Потребни општи работни компетенции:**
-решавање проблеми и одлучување на работи од својот делокруг;
-учење и развој;
-комуникации;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон странките;
-раководење и
-финансиско управување.

**Распоред на работно време:**
-неделно работно време е од понеделник до петок,
-работни часови неделно 40, а дневното време е 8 (осум) работни часа (8,00-16,00 часот);
-плата за работно место е во паричен нето износ од 63.513,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Воспитно поправен дом Тетово,кој ги исполнува следните услови:

- да е оценет со оценка А или Б при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое објавен интерениот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

II.Кандидатите, пријавата со потребната документација и доказите за податоците содржани во пријавата, ја доставувааат преку архивата на Воспитно поправен дом с. Волковија, до одделение за со човеки ресурси, со назнака за интерен оглас, како и на електронска адреса: amir.zeqiri1@gmail.com.

III.Кон пријавата кандидатот може да ги приложат следниве документи:
-потврда за успешно реализирани обуки;
-потврди за успешно реализирано менторство.

IV.Рокот за доставување на пријавата изнесува 5 (пет) дена од денот на неговото објавување на веб-страната на Управа за извршување на санкциите и на Агенцијата за администрација.

V.Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**VI.НАПОМЕНА:** Ненавремена.нецелосна и неуредено пополнета пријава, како и пријава со внесени лажни податоци се дисквалификува од натамошна постапка .

Лице за контакт: Амир Зеќири
Контакт тел:071-877-448

Директор на
ВПУ/ВПД Тетово
Бране Стојчевски